Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 89, став 3, точка 26, а во врска со член 86, став 1, точка 3 од Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката на својата 177 (сто седумдесет и седма) седница, одржана на 24.4.2023 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**за Извештајот на Друштво за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје, изготвени за годината што завршува на 31.12.2022 година**

Друштво за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје во текот на месец ноември 2022 а потоа и во период март-април 2023 година, изврши ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година, коишто вклучуваат Биланс на состојба, Извештај за сеопфатна добивка, Биланс на успех, Извештај за промени во капиталот и Извештај за паричните текови, како и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

Ревизијата на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење ревизија на финансиските извештаи за 2022 година, Друштво за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје согласно со проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, вклучи соодветни постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

**Надзорниот одбор го разгледа и го прифаќа Извештајот на независните ревизори од Друштво за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје за 2022 година.**

**Претседател на Надзорен одбор,**
**г. Тихомир Атанасов с.р.**